Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 90, 15 октомври 2012 година

октомври 2012 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**


**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во наставно-научната област претприемништво на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област/ поле економски науки и менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област/ поле туристичка политика на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 15

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по мултимедија" од авторите д-р Александра Милева и м-р Доне Стојанов, Факултетот за информатика, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 21

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Селекција и семепроизводство" од авторот доц. д-р Драгица Спасова, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 23

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало / скрипта „Вовед во џез теорија 1" од доцент м-р Сашо Поповски, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 25

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало / скрипта „Вовед во џез теорија 2" од доцент м-р Сашо Поповски, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 27

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 29



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРЕТПРИЕМНИШТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Со Одлука бр. 2602-639/3 од 6 септември 2012 година, донесена на 80. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 6 септември 2012 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден соработник во наставно-научна област ***претприемништво*** на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник" и „Лајм" на 25 август 2012 год. и во предвидениот рок се пријавија кандидатите: м-р Марина Илиевска, м-р Александар Величков, м-р Андонија Лешева, м-р Неда Калешова, м-р Љубица Цикарска, м-р Ана Бакуле, м-р Фросина Николовска и д-р Марија Магдинчева-Шопова.

По разгледувањето на пристигнатиот материјал, врз основа на чл. 124 и 125 од Законот за високото образование и чл. 6, 36, 37 и 38 од Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија врз основа на приложената документација на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Евалуација на пријавените кандидати:***

**1. Марина Илиевска** е родена на 7 август 1982 год. Дипломирала во 2004 год. на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје и се стекнала со звање дипломиран економист на групата Сметководство и ревизија. Магистрирала во 2007 год. на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје и се стекнала со звање магистер на економски науки од областа на менаџмент во осигурувањето. Од приложената документација се заклучува дека кандидатката има одлука од Економскиот факултет во Скопје за изработка на докторска дисертација под наслов „Моделирање на актуарските елементи на животното осигурување со примена на матичната алгебра". Има приложено копии од сертификати за посетување обуки од меѓународен карактер на теми “Business Plan Writing”, “Industry Analysis” и “Marketing Research Methodology” во 2005 година. Од приложеното свидетелство за положени испити по странски јазик се потврдува дека кандидатката го има изучувано англискиот јазик. Во приложената биографија е нотирано дека кандидатката има работно искуство во: областа на сметководство и ревизија во домашна фирма; во САД во меѓународна корпорација и во Стопанска банка АД Скопје каде што сè уште ги извршува работните обврски. Посочена е листа на лица за препорака во насока на потврдување на наведените податоци, како и писмо за препорака од универзитетски професор. Истовремено, кандидатката има приложено само список на објавени научни и стручни трудови, без притоа да ги приложи истите. Од приложената документација се гледа дека кандидатката не се истакнува со наставно-образовна и научноистражувачка дејност од областа на претприемништво, а со тоа не ги исполнува условите по објавениот конкурс.

**2. Александар Величков** е роден на 5 јуни 1981 год. Дипломирал во 2005 год. на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје и се стекнал со звање дипломиран економист на групата Финансиски менаџмент. Магистрирал во 2010 год. на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје и се стекнал со звање магистер на економски науки од областа на менаџмент во осигурувањето. Од приложеното свидетелство за положени испити по странски јазик се потврдува дека

кандидатот го има изучувано англискиот јазик. Во приложената биографија е нотирано дека кандидатот има работно искуство во САД како студент на сезонска работа, во Халк банка АД Скопје и во Тутунска банка АД Скопје каде што сè уште ги извршува работните обврски. Истовремено, кандидатот има приложено само список со еден објавен научен и стручен труд, без притоа да го приложи. Од приложената документација се гледа дека кандидатот не се истакнува со наставно-образовна и научноистражувачка дејност од областа на претприемништво, а со тоа не ги исполнува условите по објавениот Конкурс.

**3. Андонија Лешева** е родена на 22 јуни 1985 год. Дипломирала во 2008 год. на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје и се стекнала со звање дипломиран економист на департманот за Финансиски менаџмент. Од приложеното свидетелство за положени испити по странски јазик се потврдува дека кандидатката го има изучувано англискиот јазик. Во приложената биографија е нотирано дека кандидатката има работно искуство како финансиски известувач во Арцелор Митал - Скопје, а сè уште е на работна позиција стручен соработник за анализа и известување во Тобако АД Скопје. Како придружна документација е доставено писмо за препорака од менаџер на повисока позиција. Од приложената документација се гледа дека кандидатката не се истакнува со наставно-образовна и научноистражувачка дејност од областа на претприемништво, а со тоа не ги исполнува условите по објавениот Конкурс.

**4. Неда Калешова** е родена на 1 јули 1987 год. во Скопје. Средно образование завршува во ДСУ Гимназија „Јосип Броз Тито" во Скопје. Дипломирала во 2010 год. на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје и се стекнала со звање дипломиран економист во областа на е-бизнис. Магистрирала во областа на е-бизнис менаџмент во 2012 год. на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје и се стекнала со звање магистер по економски науки. За време на образовниот процес била ангажирана како демонстратор на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје по предметот Интернет маркетинг за што има приложено уредна документација. Во приложената биографија е нотирано дека кандидатката има работно искуство во приватна семејна компанија „Енотехна" во Скопје, а моментално е ангажирана во „Вип оператор" во Скопје, на работна задача - управување со проекти. Од приложеното уверение од департманот по е-бизнис е нагласено дека наставата и испитите се изведуваат на англиски јазик, со што се потврдува дека кандидатот го има изучувано англискиот јазик. Од приложената биографија се гледа дека кандидатката има посетувано семинари, дебати и кампови во земјата и во странство на теми поврзани со јавното говорење, работата во тим и лидерството, но за истите нема доставено уредна документација. Истовремено, кандидатката има приложено само список на објавени научни и стручни трудови, без притоа да ги приложи истите. Од приложената документација се гледа дека кандидатката не се истакнува со наставно-образовна и научноистражувачка дејност од областа на претприемништво, а со тоа не ги исполнува условите по објавениот Конкурс.

**5. Љубица Цикарска** е родена 30 ноември 1986 год. во Струмица. Средно образование завршува во „Јане Сандански" во Струмица. Високо образование завршива на Универзитетот ФОН во Скопје, на насока Бизнис меѓународна трговија со деловен англиски јазик. Магистрирала во областа на деловна економија и организациски науки во 2012 год. на Американ колеџ во Скопје, на студиската програма Деловна економија и организациони науки и се стекнала со звање магистер по деловна администрација. Од септември 2010 година волонтира на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, за што нема приложено одлука за ангажираност. Кандидатката има посетувано една стручна обука од областа на претприемништвото за што има приложено сертификат, а од уредната документација може да се види дека има познавања на странски јазик. Истовремено, кандидатката има приложено список со еден објавен научен и стручен труд со уредно приложена документација. Воедно, кандидатката има приложено Изјава од Комисија за верификација на фактите. Од приложената документација се гледа дека кандидатката не се истакнува со научноистражувачка дејност од областа на претприемништво и не ги исполнува општите услови наведени во објавениот Конкурс.

**6. Ана Бакуле** е родена на 1 јули 1987 год. во Скопје. Средно образование завршува во ДСУ Гимназија „Јосип Броз Тито“ во Скопје и една година во приватно интернационално училиште „НОВА“ во Скопје. Дипломирала во 2008 год. на Факултет за бизнис администрација, насока Маркетинг при Универзитетот на Југоисточна Европа. Магистрирала во областа на маркетинг менаџмент во 2010 год. на ФОН – Скопје и се стекнала со звање магистер по економски науки. Кандидатката е докторанд на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје, но нема приложено одлука од Економскиот факултет - Скопје за изработка на докторска дисертација. Во приложената биографија е нотирано дека кандидатката има посетувано неколку стручни обуки од областа на лидерството, односи со јавноста и тимско работење. Во приложената биографија е нотирано дека кандидатката има работно искуство како соработник на Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје и раководител на маркетинг сектор во маркетинг агенција “Happy day”, но за посочените работни искуства кандидатката нема приложено документација со која ги докажува. Доставена е листа за учество на конференции, семинари и проекти, но за истите не е доставена документација со која тоа се потврдува. Има познавања на два странски јазици за што има уредна документација. Воедно, кандидатката нема приложено Изјава од Комисија за верификација на фактите. Од приложената документација се гледа дека кандидатката не се истакнува со научноистражувачка дејност од областа на претприемништво, а со тоа не ги исполнува условите по објавениот Конкурс.

**7. Фросина Николовска** е родена на 9 септември 1970 год. во Куманово. Дипломирала на Економски факултет во Скопје во 1993 год., а во 1994 год. завршила педагошка доквалификација на Филозофскиот факултет во Скопје. Од приложената документација кандидатот има завршено постдипломски студии на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” - Скопје и се стекнала со звање магистер по економски науки, но нема приложено оригинал диплома или диплома заверена на нотар. Во приложената биографија е нотирано дека кандидатката е докторанд на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” – Скопје, но нема приложено одлука од Економскиот институт - Скопје за изработка на докторска дисертација. Во приложената биографија е нотирано дека кандидатката има работно искуство како професор по група предмети од економските науки, а повеќе години работи како помошник-директор во СОУ „Перо Наков“ во Куманово, но нема приложено документација со која ги докажува. Во приложената биографија е нотирано дека кандидатката има богато работно искуство како обучувач на наставници, ментор на повеќе тимови, учество на многу работилници за планирање и реализација на наставата, како и ментор на работни групи за изработка на наставните програми, но нема приложено документација со која ги докажува. Во приложената биографија е нотирано дека кандидатката има посетувано неколку стручни обуки од областа на образовниот процес, унапредување на наставата, но нема приложено документација со која ги докажува. Доставена е листа за учество на конференции, семинари и проекти, но за истите не е доставена документација со која тоа се потврдува. Во приложената биографија е нотирано дека кандидатката има познавања од странски јазик, но нема приложено документација. Кандидатката нема приложено уверение за државјанство. Од приложената документација се гледа дека кандидатката не ги исполнува условите по објавениот Конкурс.

**8. Марија Магдинчева-Шопова** е родена на 28 март 1972 год. во Гевгелија. Дипломирала во 1994 год. на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје и се стекнала со звање дипломиран економист. Магистрирала во областа на менаџментот на тема „Начини на започнување со мал бизнис” во 2008 год. на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје и се стекнала со звање магистер по економски науки. Докторирала во 2011 год. на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје на тема „Организациска култура кај мали претпријатија” и се стекнала со звање доктор по економски науки. Има работно искуство во мешовито претпријатие за меѓународен транспорт и шпедиција „ЕГЗИТ” во Скопје и на раководна позиција во Стоковната куќа „Типо-Гв” во Гевгелија. Кандидатката моментално работи како раководител на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување

на Македонија, филијала Гевгелија. Кандидатката има посетувано повеќе стручни обуки, меѓу кои обука за практично извршување на сметководствотото, стекнувања знаења и вештини, за работа како медијатор, обуки од областа на човечките ресурси за што постои и уредна документација. Кандидатката е член на повеќе одбори, тела и комисии како Одбор на доверители во АД „Зора во стечај" и Одбор на доверители во АД „Пелагонија во стечај" во Гевгелија. Од приложената документација се заклучува дека кандидатката има богато работно искуство како медијатор, вештак, а посебно во полето на пензиско и инвалидско осигурување и раководење со човечки ресурси. Кандидатката има Решение за проценител и вешто лице со општи овластувања од областа на економско-финансиското работење за подрачјето Гевгелија од Основниот суд во Гевгелија, издадено од Министерството за правда, а од 2006 година и за подрачјето на Основен суд во Велес. Кандидатката е заменик-член на Комисијата за полагање стручен испит за вештак од областа на материјално-сметководственото и финансиско работење и раководител на Координативно тело на медијатори во Општина Гевгелија. Од приложеното свидетелство за положени испити по странски јазик се потврдува дека кандидатката го има изучувано англискиот јазик. Од приложената документација може да се види дека кандидатката има богато искуство во стручно-апликативната и научноистражувачката дејност. Истовремено има авторски остварувања како автор на три научни книги и неколку научни трудови од областа на претприемништвото и менаџментот. Воедно, кандидатката има приложено Изјава од Комисија за верификација на фактите. Имајќи предвид дека оваа кандидатка се издвојува од останатите пријавени кандидати по големиот број научно-стручни трудови, комисијата во повеќе детали прави осврт на нејзиниот придонес.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Добиените теоретски сознанија, д-р Марија Магдинчева-Шопова ги применува во научноистражувачка дејност, при што е автор на научни и стручни трудови објавени во специјализирани списанија, а добиените резултати ги има прикажано пред меѓународната и домашната јавност на повеќе научни конференции и стручни собири одржани во земјата и во странство.

Поширокиот интерес на кандидатката е од областа на менаџментот и другите организациони науки, додека потесниот научен интерес се однесува на претприемаштвото. Истовремено, одлично го владее англискиот јазик и е компјутерски писмена, што се гледа од приложената документација. Во текот на својата професионална работна кариера таа покажала завиден интерес за научната и стручната работа. Тоа јасно се гледа од материјалите доставени до Комисијата, презентирани преку список на награди, признанија, сертификати, вклученост во проекти и список на објавени трудови.

***Сертификати и награди***

- Сертификат за завршена обука за медијатор од Комората на медијатори на Република Македонија КМПМ - обука за медијатор, 17.7.2007;
- Сертификат за завршена обука за медијатор од World Bank Group "International Finance Corporation" – Skopje, RM, June, 2007;
- Лиценца за вештачење од областа на материјалното, сметководственото и финансиското работење од Министерство за правда на РМ, 15.6.2011;
- Решение за постојан судски вештак во Основен суд - Велес, во областа на економија, од Министерство за правда, 17.12.2010;
- Решение за постојан судски вештак во Основен суд - Гевгелија, во областа на финансиско - материјално работење, од Министерство за правда, 14.4.2006.

***Учество на конференции, семинари и студиски престои***

- Марија Магдинчева-Шопова: „Услови за предузетничку активност", Меѓународна конференција „Економска наука во креирање на нов деловен амбиент", Економски факултет -Приштина, ES_NBE 2011, Kosovska Mitrovica;
- Марија Магдинчева-Шопова: "Production and distribution of organic food-opportunity for development of rural areas in Macedonia", Меѓународна конференција „Пословна логистика у сувременом менаџменту'', Економски факултет - Осиек, октомври 2011;

- Марија Магдинчева-Шопова, К. Постолов: „Конкурентност на малите претпријатија во услови на изразени глобализациски процеси", Меѓународна конференција за бизнис,економија и финансии, Економски факултет - Штип, септември 2012;
- Марија Магдинчева-Шопова, К. Постолов „Бизнис процес реинженеринг, Научна конференција „Предизвици на науката во економијата базирана на знаење - состојби и перспектива“, Економски институт - Скопје, мај 2012;
- Марија Магдинчева-Шопова, „Улогата на малите претпријатија во развојот на туризмот во Дојранскиот регион“, Научно-стручна трибина „Туризмот во Дојранскиот регион“, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика, април 2012.

***Членство во владини тела***

- Член на Координативно тело на медијатори на ниво на Општина Гевгелија и помалите околни општини од 2.11.2011 г.

***Објавени книги и делови од книги***

- Марија Магдинчева-Шопова *„Општи услови и начини за започнување со претприемничка активност",* 2012, стр.148 (рецензент: проф. д-р Кирил Постолов);
- Марија Магдинчева-Шопова „*Мотивирање на вработени во мали претпријатија*", 2012, стр.114 (рецензент: проф. д-р Кирил Постолов);
- Марија Магдинчева-Шопова *„Менаџмент на организациска култура", 2012, стр. 92 (рец*ензент: проф. д-р Кирил Постолов).

***Научни трудови, стручни трудови и работни трудови***

- Марија Магдинчева-Шопова: „Начини на започнување со мал бизнис" – магистерски труд, 2008.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатката д-р Марија Магдинчева-Шопова ги исполнува сите суштински и законски критериуми, како и критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за да биде избрана за соработник на Факултетот за туризам и бизнис логистика на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Кандидатката има соодветно образование и искуство со кое се афирмирала во земјата и во странство.

Рецензентската комисија има посебно задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика **„даја избере д-р Марија Магдинчева-Шопова за соработник во соработничко звање асистент за научната област-Претприемништво“ при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Елизабета Митрева, доцент, с.р.**
**Д-р Билјана Петревска, доцент, с.р.**
**Д-р Нако Ташков, доцент, с.р.**

# П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на активностите на д-р Марија Магдинчева-Шопова, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип**

| Ред. број | Вид активност | Поени | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство | |
| Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | | | | |
| 1. | Монографија или научна книга<br>- Точки: 4.1, 4.2 и 4.3 | 3*10 | | 30 |
| 9. | Учество на научен собир со реферат<br>- Точки: 2.1, 2.2, 2.3, 2.4 и 2.5 | 3*2 | 2*2 | 10 |
| 11. | Одбранета магистерска работа | | 4 | 4 |
| | Вкупно: | **44** | | |
| Ред. број | Вид активност | Поени | | Вкупно |
| | | во земјата | во странство | |
| Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | | | | |
| 5. | Труд во стручно (научно-популарно) списание<br>- Точка 5.1 | 1*2 | | 2 |
| 19. | Стручни награди и признанија<br>- Точки: 1.1, 1.2, 1.3, 1.4 и 1.5 | 5*4=20 | | 20 |
| 27. | Член на владини тела<br>- Точка: 3.1 | 1*5=5 | | 5 |
| | Вкупно: | **27** | | |
| | **Вкупно:** | **71** | | |